**20220170117**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

## ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година.

Член 2

Обуките за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2022 година се од следните подрачја, пот-подрачја и теми за обука:

I. ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

1. Работа со учениците

1.1. Професионална и кариерна ориентација на учениците

- Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој.

2. Работа со наставниците

2.1 Поддршка на наставниците во работата со учениците

- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час.

3. Работа со родителите

3.1 Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

- Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично.

4. Соработка со заедницата

4.1 Соработка со стручни институции и организации

- Инклузивно образование во пракса.

5. Професионален развој и професионална соработка

5.1 Личен професионален развој

- Професионален развој на стручните соработници во училиштата.

6. Аналитичко-истражувачка работа

6.1 Истражување на воспитно-образовната работа

- Акциско истражување во функција на подобрување на квалитетот на наставата и учењето.

7. Училишна структура, организација и клима

7.1 Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.

- Демократски вредности во практиката на образованието

II. СРЕДНИ УЧИЛИШТА

1. Работа со учениците
1.1 Професионална и кариерна ориентација на учениците
- Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој.
2. Работа со наставниците
2.1 Поддршка на наставниците во работата со учениците
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час.
3. Работа со родителите
3.1 Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето
- Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично.
4. Соработка со заедницата
4.1 Соработка со стручни институции и организации
- Инклузивно образование во пракса.
5. Професионален развој и професионална соработка
5.1 Личен професионален развој
- Професионален развој на стручните соработници во училиштата
6. Аналитичко-истражувачка работа
6.1 Истражување на воспитно-образовната работа
- Акциско истражување во функција на подобрување на квалитетот на наставата и учењето.
7. Училишна структура, организација и клима
7.1 Училишна клима, безбедна средина и демократско учество.
- Демократски вредности во практиката на образованието.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-797/1 | Министер |
| 21 јануари 2022 година | за образование и наука, |
| Скопје | доц. д-р **Jeton Shaqiri,** с.р. |